«УРПЖ».бр.«166»/«2025»

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Светлана Костова - претседател на советот и судиите Емрије Зубери Амити и Рина Исени - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на заинтересираното лице Елизабета Дуковска од С., изјавена преку полномошник Јана Дуковска, Адвокат од С., против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.380/2025 од 15.05.2025 година и Решението за поправање на Пресудата на Управниот суд У-5.бр.380/2025 од 16.05.2025 година, за поништување на Одлука на Собрание на Република С.М., на седницата на советот одржана на ден 05.06.2025 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

I

Жалбата на заинтересираното лице Елизабета Дуковска од С., изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.380/2025 од 15.05.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

II

Жалбата на заинтересираното лице Елизабета Дуковска од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението за поправање на Пресудата на Управниот суд У-5.бр.380/2025 од 16.05.2025 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.380/2025 од 15.05.2025 година, ја уважил тужбата на тужителот Антоанета Димовска од С. и ја поништил Одлуката на Собранието на Република С.М. за избор на судија на Уставниот суд на Република С.М. бр.08-2239/1 од 10.04.2023 година.

Управниот суд до Решение У-5.бр.380/2025 од 16.05.2025 година, извршил поправање на Пресудата на Управниот суд У-5.бр.380/2025 од 15.05.2025 година, на начин што на првата страна, во ред еден во уводот на пресудата, пред зборовите „УПРАВНИОТ СУД“ треба да стои „ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави заинтересираното лице Елизабета Дуковска од С. поради суштествени повреди на одредбите на постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата на заинтерсираното лице да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на

повторно постапување и одлучување пред Управниот суд или жалбата на заинтересираното лице да ја уважи и обжалената пресуда да се преиначи на начин што тужбата на тужителот ќе се одбие како неоснована.

Против Решението на Управниот суд У-5.бр.380/2025 од 16.05.2025 година, за поправање на Пресудата на Управниот У-5.бр.380/2025 од 15.05.2025 година, жалба изјави заинтересираното лице Елизабета Дуковска од С., поради повреди на одредбите на постапката од член 66 став 1 од Законот за управните спорови, поради што предложи жалбата да се уважи и да се укине решението за поправање на пресудата на Управниот суд.

Вишиот управен суд проучувајќи ги жалбите во смисла на член 78 и член 79 став 1, во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата против пресудата на Управниот суд е недозволена.

Жалбата против решението за поправање на пресудата на Управниот суд е неоснована.

Согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република С.М." бр.96/2019), жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт кој не бил донесен во утврдениот рок.

Согласно член 75 став 1 од Законот за управните спорови, ненавремената, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на Управниот суд без одржување на рочиште ќе ја отфрли со решение во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата во судот, а согласно ставот 3 од истиот член од Законот, жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

Согласно член 78 од истиот закон второстепениот суд со решение ќе ја отфрли ненавремената, неуредната или недозволената жалба, ако тоа било пропуштено од Управниот суд.

Сохласно член 66 став 1 од истиот Закон, Судот може со решение да ги поправи грешките во имињата, бројките, очигледните грешки во пишувањето и пресметувањето и други очигледни грешки во било кое време од донесувањето на пресудата. Согласно став 2, Судот може да донесе решение за исправка на пресудата по службена должност или по барање на странките. Согласно став 3, решението за исправка ќе биде приложено кон оригиналот и заверениот препис од пресудата. Согласно став 4, против решението за исправка дозволена е жалба. Согласно став 5, одредбите од ставовите од (1) до (4) на овој член,

соодветно се применуваат и за поправање на решението со кое се одлучува за прашањата кои се однесуваат на постапката или се појавуваат во врска со постапката од членот 67 од овој закон.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби Вишиот управен суд најде дека во конкретниот случај жалбата изјавена од заинтересираното лице Елизабета Дуковска од С. е недозволена и треба да се отфрли од причини што истата е изјавена против пресуда на Управниот суд со која тужбата на тужителот е уважена и е поништен оспорениот управен акт – Одлуката на Собранието на Република С.М. за избор на судија на Уставниот суд на Република С.М., бр.08-223/1 од 10.04.2023 година, бидејќи согласно членот 69 став 4 од Законот за управните спорови, жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган.

Вишиот управен суд смета дека решението за поправање на пресудата на Управниот суд е законито.

Во конкретниот случај бидејќи при изготувањето на обжалената пресуда Управниот суд направил очигледни технички грешки, Вишиот управен суд смета дека со обжаленото решение за поправање на пресудата Управниот суд правилно ги поправил грешките при пишувањето на пресудата согласно одредбите од член 66 став 1 и 2 од Законот за управните спорови.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги имаше во предвид жалбените наводи на тужителот по однос на решението за поправање на пресудата на Управниот суд, дека во конкретниот случај не се работи за техничка грешка, ниту пак грешки во пишувањето, меѓутоа смета дека истите се неосновани, со оглед да во конкретниот случај правилно Управниот суд при донесувањето на решението постапил согласно напред наведената одредба од член 66 од Законот за управните спорови, го донел решението за поправање на пресудата.

Од овие причини, Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член член 78, а во врска со член 69 став 4, член 75 став 3 и член 66 став 1 и 2 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден «05.06.2025» година под «УРПЖ».бр.«166»/«2025».

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Светлана Костова с.р.

/МА